03 - 753/2

11. 09 09

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр.-No. 08-394/1
11. 09. 2009 год./yıl
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

# ДОГОВОР

*За меѓуопштинска соработка*

Склучен помеѓу:
1.**Општина Македонски Брод** со седиште на ул.7-ми септемвриг бр.4 Македонски Брод, Застапувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Милосим Војнески од една страна

2.**Општина Центар Жупа** со седиште во Центар Жупа, застапувана од Градоначалникот на општина Центар Жупа Мазлум Хасан од друга страна и

Член 1

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа (IСл.весник на Р.Мг бр.5/2002) и Одлуките бр.07-776/4 од 30.07.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од Советот на општина Македонски Брод и Одлуката бр.03-331/10 од 07.08.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од страна на Советот на општина Центар Жупа и во согласност со законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр.79/09) за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на внатрешниот ревизор и сите другите инспекциски служби во општина Македонски Брод како што се: Инспектор за патен сообраќај, испектор за животна срединиа, комунален инспектор, инспектор за образование, инпектор за урбанизам.

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува внатрешниот ревизор и другите инспекциски служби во општина Македонски Брод во областа на внатрешната ревизија и инспекција да ги извршува и во име и за сметка на општина Центар Жупа.

**Член 3**

Со овој договор ревизорот и другите инспекциски служби вработени во општинската администрација Македонски Брод за извршување на внатрешната ревизија и другите инспекциски во општина центар Жупа ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

Член 4

За извршување на работите што се предмет на овој Договор ,општина Центар Жупа ќе исплаќа по 5.000,оо денари месечно на жиро сметка на Буџетот на општина Македонски Брод.

Член 5

Внатрешниот ревизор и другите инспекциски служби за својата работа во општина Центар Жупа непосредно му одговара на Градоначалникот на општина Центар Жупа и истите својата работа ќе ја извршуваат по повик оид градоначалникот на Центар Жупа.

Член 6

Измени и дополнувања на одредбите на овој договор ќе се вршат со анекс на овој договор.

Член 7

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни .

Член 8

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни .
Овој договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

Член 9

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решава, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

Член 10

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кој по 2 (два) за секој од договорните страни.

**ОПШТИНА МАК.БРОД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Милосим Војнески**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Мазлум Хасан

08-664/1
10.11.11

08-958/1
10.11.11

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ

За меѓуопштинска соработка помеѓу општина Центар Жупа и општина Македонски Брод

Склучен помеѓу:

**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**, со седиште во Центар Жупа, застапувана од градоначалникот на општината Центар Жупа Мазлум Хасан (од една страна) и

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**, со седиште на ул.„7-м Септември“ бр.4, Македонски Брод, претставувана и застапувана од градоначалникот на општината Мак.Брод Милосим Војнески (од друга страна)

**Член 1**

Со овој Анекс-Договор се врши измени и дополнување на договорот за меѓуопштинска соработка Бр.03-753/2 од 11.09.2009 година.

**Член 2**

Во член 1 став 1, „се брише точката на крајот од реченицата и се дополнува со: како и одговорен сметководител и со Комисија од областа на урбанизмот,комуналните дејности,просторното планирање и заштита на животната средина“

**Член 3**

Сите други одредби од Договорот за меѓуопштинска соработка бр.03-753/2 од 11.09.2009 год. останувaат непроменети.

**Член 4**

Овој Анекс-договор стапува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Анекс-Договор е состравен во 4 (четири) примероци.од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

Општина Центар Жупа

Градоначалник,

Мазлум Хасан

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Милосим Војнески

08.- 804/1
20.12.21
Македонски Брод

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА
MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр.-No. 03 - 482/1
23.12. 2021 год.-yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

**АНЕКС НА ДОГОВОРОТ**
**За меѓуопштинска соработка**

Склучен на ден ___________2021 година,помеѓу:

1.**Општина Македонски Брод**, со седиште на ул.7-ми Септември бр.4 Македонски Брод,застапувана од Градоначалникот на општината Македонски Брод м-р Жарко Ристески,од една страна

2.**Општина Центар Жупа,** застапувана од Градоначалникот (Повереник од Влада на Република Северна Македонија на општина Центар Жупа) м-р Аријан Ибраим, од друга страна

**Член 1**

Во член 1 од Договорот за меѓуопштинска соработка Бр.03-753/2 од 11.09.2009 година склучен помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Центар Жупа, зборовите „инспектор за урбанизам" се заменуваат со „градежен инспектор".

**Член 2**

Во член 4 од Договорот за меѓуопштинска соработка,зборовите „ 5.000,00 денари" се заменува со „7.000,00 денари".

**Член 3**

Сите други одредби од Договорот за меѓуопштинска соработка бр.03-753/2 од 11.09.2009 година и Анекс на Договорот за меѓуопштинска соработка бр.08-664/1 од 10.11.2011 година,остануваат непроменети.

**Член 4**

Овој Анекс Договор стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 5**

Анекс Договорот е составен во 4 (четири) примероци од кои секоја договорна страна задржува по два примероци.

**ОПШТИНА МАК.БРОД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Жарко Ристески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**Повереник од Влада на РСМ**
**м-р Аријан Ибраим**